A-PDF Image To PDF Demo. Purchase from www.A-PDF.com to remove the watermark

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
09-486/3
14 09 2017 год.
ЗРНОВЦИ

**АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на Договорот за соработка помеѓу Агенцијата за вработување на РМ (АВРМ), Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и општина Зрновци, Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2017 година усвоен од Владата на Република Македонија, Програмата Општинско – корисна работа финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на РМ, на ден 14.09.2017година се објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС
## до
## евидентирани невработени лица за вклучување во Програмата Општинско - корисна работа

Се повикуваат сите евидентираните невработени лица кои се заинтересирани да се вклучат во програмата Општинско-корисна работа, проект "Трето доба 2017" за работно ангажирање со скратено работно време за период од 6 (шест) месеци заради стекнување на вештини и постепено вклучување на пазарот на труд, да се пријават во Агенција за вработување- Центар за вработување Кочани.
Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во Програмата „Општинско-корисна работа" ќе бидат работно ангажирани со скратено работно време со 20 (дваесет) работни часови неделно, при што за време на работниот ангажман од 6 (шест) месеци статусот на невработените лица останува непроменет, а на невработените лица-корисници на социјална помош за времетраење на работниот ангажман ќе им биде активно правото на користење на социјална помош.

За кандидатите кои ќе бидат избрани и вклучени во Програмата Општинско-корисна работа се предвидува паричен надоместок во висина од 6.200,00 денари, што вклучува персонален данок на доход и осигурување од случај на несреќа при работа и професионално заболување.

Евидентираните невработени лица кои ќе се пријават за учество во Програмата Општинско-корисна работа треба да припаѓаат на една од следните целни групи невработени лица:

- **млади лица до 29 години со ниски квалификации**
- **жртви на семејно насилство**
- **деца без родители и родителска грижа**
- **бездомни лица**
- **поранешни корисници на дрога**
- **родители на деца на улица**
- **самохрани родители**
- **Роми**
- **осудени лица по отпуштање од казнено поправна установа**
- **невработени лица евидентирани во АВРМ најмалку 1 година**
- **млади невработени лица евидентирани во АВРМ најмалку 6 месеци**
- **родители на деца со пречки во развојот**
- **родители на 3 и повеќе деца**

Работните позиции кои се опфатени со овој оглас се однесуваат на ангажирање на :

- **Грижа и нега на стари лица**

Заинтересираните невработени лица Пријави за учество во Програмата „Општинско-корисна работа“ можат да подигнат и поднесат во Агенција за вработување - Центар за вработување Кочани во периодот од **14.09.2017** година до **20.09.2017** година.

Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу општина Зрновци и избраните кандидати.

Детални информации за Програмата „Општинско-корисна работа“ можат да се добијат во општина Зрновци кај лицето Благој Данев, Општински координатор за Програмата „Општинско-корисна работа“, Агенција за вработување- Центар за вработување Кочани кај лицата: Звонко Паунов и Александра Коцева , Центар за социјална работа Кочани кај лицето Златка Соколовска.